Македонски Центар за Меѓународна Соработка



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 1995

Македонски центар за меѓународна соработка
Хуманитарна асоцијација

основана 1993

МИСИЈА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е хуманитарна, невладина и непрофитна асоцијација што работи во областа на развојот, рехабилитацијата и основната помош во Македонија.

Целта на МЦМС е развој на човековите и материјалните ресурси во Македонија.

За остварување на целите и задачите, МЦМС ги мобилизира и организира човековите ресурси, финансиските и материјалните средства како во земјата така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МЕТОДИ

Стратешки цели на МЦМС се:
- Промоција на мирот,
- Организирање на граѓанското општество,
- Помош на оние што имаат потреба.

МЦМС ги спроведува активностите низ четири носечки програмски сектори/линии:
- развој на село,
- унапредување на можностите за вработување,
- достоинство на хендикепираните и маргинализираните,
- развој на цивилното општество.

МЦМС активностите ги остварува преку:
- поддршка на проекти,
- обука и совети,
- информации,
- застапување и лобирање.

Програмите се наменети за помош, одржување и обезбедување на нормални животни услови на корисниците. Со нагласок на помошта на креативниот и продуктивен потенцијал на луѓето, програмите покриваат конкретни проекти во согласност со принципот на "самопомош".

Основната филозофија на програмата е да го обезбеди "факторот што недостига" за избраните проекти, без разлика дали таа се состои во знаење, финансиска или материјална помош.

МЦМС е запишан во Регистарот на општествени организации и здруженија на граѓани во Министерството за внатрешни работи, ГУВР Скопје, под реден број 1668, со решение бр. 10-7190/1 од 09.09.1994 година, како општествена организација со социјално-хуманитарни цели, со матичен број 4878256.

МЦМС
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
1995

СОДРЖИНА

Програма на МЦМС 1995 4

Развој на село 7

Поттикнување на вработувањето 13

Достоинство на хендикепирани/маргинализирани 14

Развој на цивилното општество 19

Структура и развој на МЦМС 21

Собрание 21

Извршен одбор 21

Персонал 22

Финансиски извештај 23

Забелешки кон финансискиот извештај 27

Независно ревизорско мислење од Куперс и Лајбранд 37

Проекти на МЦМС во 1995 година 38

Историски индекс 44

Листа на кратенки 45

Драги пријатели,

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е основан во декември 1993 година, како заеднички потфат на локалните иницијативи и Холандската меѓуцрковна помош (ХМП). Во 1994 година МЦМС јакнеше, благодарејќи на големата поддршка од ХМП.

Во 1995 година, МЦМС во целост ја превзеде одговорноста за пред себе поставените цели.

Цел на МЦМС е да се адресираат потребите на Македонскиот народ, кои произлегуваат од ефектите на транзиција од Југословенска република во независна држава, а беа потенцирани од загушувачките ефекти на ООН ембаргото против СР Југославија и бојкотот од Грчката влада.

Промоција на мирот

Она што недостасува во претставата на дел од јавноста на Република Македонија е чувството на нормалност на ситуацијата. Чувството дека сите тешкотии и притисоци се издржуваат и дека извесен број нешта се движат како што може да се очекува. Често невладините организации можат да направат многу малку за да влијаат на исходот на поголемите нешта, како што се војната и мирот. Меѓутоа, сигурно е возможно да се препознае желбата на луѓето за мир, работа и среќа. Во моменталната состојба во Република Македонија, најважно е да се помогне на луѓето да видат дека е возможно да се достигне некаква нормалност и да се охрабрат да работат кон остварувањето на истата. Промоцијата на ваквиот став е долготрајна цел. Помагањето да се одржи и повторно да се воспостави некаква нормалност е заедничка водечка линија на програмата на МЦМС.

Организирање на граѓанско општество

Оваа цел е блиску поврзана со првата долгорочна цел. Системот во поранешна Југославија не ги промовираше идеите за самоорганизирање, иницијативи за подобрување на локалните услови. За луѓето кои поминале поголем дел од својот живот под ваков систем, често е тешко радикално да го променат своето мислење. Дури и ако е прилично јасно дека државата нема повеќе да се грижи за нив, или да ги заштити на истиот начин, или со истиот степен како порано. Алтернативата дека самите и заедно треба да работиме на тоа, не изгледа лесно за сите засегнати. Затоа, особено е важно да се поддржуваат групи на луѓе кои се активни или сакаат да станат активни во изградбата и организирањето на работите кои им се итно потребени со цел да живеат нормален живот. Додека се изградат НВО во Македонија на сите нивоа, целта на програмата е да помогне да се обезбеди постоење на основна граѓанска иницијатива.

Помош на оние кои имаат потреба

Изградбата на таква самодоверба е особено важна за оние кои се чувствуваат запоставени или дискриминирани. Не е важно дали ова чувство ја рефлектира објективната реалност. Во Македонија, постојат внатрешни, барем делумни фактори на запоставување и дискриминација кои се врз етничка, полова основа или дискриминација по возраст. Очигледно, помалите групи се во полоша состојба од останатите. Дури и ако сите се согласиме што треба да направиме, ќе недостасуваат средства. Овде неодминливата краткорочна цел е да се помогне на оние кои имаат најнеопходна потреба, но долгорочно, целта е да се обратиме на ситуацијата на запоставување и дискриминација.

Ние ја означивме 1995 година како година на почеток на консолидација и градење одржлива програма. Тоа може да биде обезбедено само во заедница со оние кои не поддржуваат, оние кои работат со нас и оние на кои им носиме надеж, пријателство, разбирање.

Во името на Извршниот одбор и персоналот на МЦМС, Ви благодариме за подршката и соработката.


Мирко Спироски,
Претседател

Сашо Клековски,
Програм директор

ПРОГРАМА НА МЦМС 1995

1995 година може да биде карактеризирана како година на измена на фокусот од хуманитарни проекти кон проекти за рехабилитација и развој, односно како година во која програмата на МЦМС доби јасен развоен карактер.

Развојниот карактер, не значеше измена на четирите основни програмски сектори/линии: Развој на село, Промоција на вработувањето, Достоинство на хендикепирани/маргинализирани и Цивилно општество, туку значеше адаптација на мерките предвидени со нив на потребите на корисниците.



Дистрибуција на проекти по програми

Во 1995 год. МЦМС работеше на 108 проекти. 37 проекти или 34,6% се пренесени од 1994 год. 71 се проекти од 1995 год., од кои 52 се завршени во истата година, а 19 проекти се пренесени за спроведување во 1996 год

Најголем број на проекти 56 се во секторот на Развој на село.

Средства

Средната вредност на одобрените буџети по проект изнесува 591.349,00 МКД. Во Развој на село 25 (44,6%) проекти се со поголеми буџети од средната вредност додека во Развој на цивилното општество 35 (89,7%) проекти се со помал буџет од средната вредност.

МЦМС помага во мобилизацијата на значајни локални ресурси што се здружуваат со средствата од странските ресурси. Мобилизацијата на локалните ресурси е круцијална за успехот на МЦМС. Вкупната вредност на реализираните проекти е најмалку двапати поголема од придонесите на странските ресурси.


Целна група и Активности

Програмата на МЦМС опфаќа различни целни групи и активности. Ова е овозможено благодарејќи на мрежата на НВО со кои МЦМС гради партнерски односи, но и благодарејќи на соработката со националните и локалните власти, научни установи и голем број компании - добавувачи и изведувачи.


Висина на буџетот



Целна група



Активности




Географска дистрибуција на проекти

20 проекти ја опфаќале целата територија на државата, 7 проекти опфаќале одреден регион, а 81 проект се спроведени на локално ниво во 14 општини и во градот Скопје од вкупно 34 општини во државата.

Најголем дел од националните проекти се во Развој на цивилното општество и се однесуваат на проекти за кампања и лобирање, обука итн.

Табела 1: Географска дистрибуција на проекти

Општина	08	09	10	11	Вкупно	%
Национално			3	17	20	18.52
Регионално		1	1	5	7	6.48
Дебар	3				3	2.78
Гази Баба	2				2	1.86
Гостивар	5			2	7	6.48
Карпош	1	1			2	1.86
Кратово	5				5	4.62
Куманово		1			1	0.93
Македонски Брод	2				2	1.86
Прилеп	11				11	10.18
Радовиш	5			1	6	5.55
Свети Николе	9				9	8.33
Скопје			5	14	19	17.59
Струмица	2		1		3	2.78
Титов Велес	6				6	5.55
Чаир	1				1	0.93
Штип	4				4	3.70
Вкупно	**56**	**3**	**10**	**39**	**108**	



Додадена вредност

МЦМС вложува во градењето на институционалниот капацитет на НВО и локалните организации. Поттикнувањето и унапредувањето на самоорганизирањето и градењето самодоверба на целните групи се додадена вредност на активностите. Задоволството на селаните кои се самоорганизирале и изградиле водовод и со тоа остварile нешто што со генерации не успевале, не може да се изрази статистички и со бројки.






















РАЗВОЈ НА СЕЛО

Иницијативите на селата беа обесхрабрени и запоставени во текот на 50 годишното владение на социјалистичкиот режим. Тоа како и економската зависност од поранешните Југословенски пазари и сушата која владее во последните 10 години се главните причини за кризата на селото денес.

Генерална цел на програмската линија, е да се допринесе во создавањето услови за опстанок во селата во Македонија за сите кои живеат таму.

Програма за водоснабдување на селата (ПВС)

Цел на Програмата за водоснабдување на селата е:

-да се стимулираат и поддржат селските иницијативи за подобрување на снабдувањето со вода за пиење за луѓе и стока и за наводнување,

-да се допринесе во реализацијата на таквите проекти, заедно со тоа што селаните, локалните претпријатија и локалните и националните власти можат да го обезбедат.


Целната група ги вклучува општините од централниот и источниот дел од земјата коишто најмногу страдаат од ефектите на континуираната суша и тоа: Прилеп, Т. Велес, Св. Николе, Штип, Радовиш, (избрани во 1994); Крива Паланка, Неготино, Кавадарци, Валандово, Скопје, Струмица. Овие општини завземаат единаесет од првите тринаесет места на листата на најсушните региони, во последните 10 сушни години, но и во годините со нормални врнежи.

Во општините од западниот дел од земјата, проектите за водоснабдување се составен дел на Програмата за селски развојни иницијативи.

Со програмата се опфатени **45 села во 10 општини со вкупно 23.857 жители**. Во три села се изведени по два проекти. Тоа се должи на спроведувањето на еден проект за истражните работи, а по нивната успешност следи нов проект за изградба на водовод.

Најголем број на проекти се изведени во Прилеп и Св. Николе, 10 односно 9 проекти, во Радовиш 7, во Т. Велес и Кратово по 5, во Штип 4 итн.

Во овие општини активностите се концентрирани во одредени субрегиони, кои по правило се периферни ридско-планински области.



Табела 2. Географска дистрибуција на села во ПВС


Општина	Села	%
Прилеп	10	22,22
Т. Велес	5	11,11
Св. Николе	9	20,00
Радовиш	7	15,55
Штип	4	8,88
Кратово	5	11,11
Струмица	1	2,22
Скопје-Г. Баба	2	4,44
Скопје-Карпош	1	2,22
Скопје-Чаир	1	2,22
ВКУПНО	**45**	**100,00**



Од вкупниот број на села, 10 се населени со етнички малцинства, односно 28,26% од корисниците се етнички малцинства, што е над нивното учество во вкупната популација во опфатените општини..

Обновување на водоснабдувањето

Обновување на водоснабдувањето, односно изградбата на водоводи подразбира пет основни типови активности: истражно-проектантски работи, изградба на нов водовод, реконструкција на водовод, доградба на стар водовод и доградба на нов водовод.



Учество на основни типови активности во обновување на водоснабдувањето

Најчеста активност е изградба на нови водоводи. Во најголемиот број случаи тоа се села во кои МЦМС претходно (1994 година) ги изврши истражно-проектантските работи или тоа го направиле селаните.

Во случаите кога истражно-проектантските работи не биле извршени, МЦМС како подготовка за 1996 година го помогна тоа. Ова уште повеќе бидејќи селаните ја доживуваат оваа фаза како најапстрактна и таа претставува критична точка: ако се најде вода, мотивацијата на селаните е многу олеснета.

Нешто повеќе од половина од проектите се реконструкции и доградби.

Се изведуваат реконструкции во случаите кога водоводите се изградени пред 30-50 год. и поради надминат употребен век имаат голем губиток на вода во системите. Доградба на стар водовод во села кои имаат изградено водовод, но постоечките извори се недоволни, па се зафаќаат нови, обично со пумпен систем. Доградба на нови водоводи, по правило започнати пред дезинтеграцијата и војната во бивша Југославија, кои не се завршени поради ефектите од економската криза.

Проектите се изведуваат во соработка со локалните власти. Во некои општини е воспоставена солидна соработка, но во некои властите го доживуваат МЦМС како соперник. Тоа поради јакнење на самодовербата на селаните и поради спречувањето на манипулациите со помошта во политички цели. Во некои, особено поголемите општини, властите едноставно не се заинтересирани за селата.

Во селата партнер на МЦМС се селските совети или одбори, кои се организатори на активностите во селото. МЦМС вложува во поттикнување на развојот на овие структури, во зголемувањето на нивниот капацитет и на довербата и самодовербата.





Проектите се започнати на иницијатива на МЦМС во 18 случаи, а во 27 случаи на иницијатива на селата.

Одржувањето во 23 случаи го организира селото, во 9 случаи јавните комунални претпријатија, а во 5 случаи локални претпријатија.

Средствата за програмата се обезбедени од ECHO, HEKS и DCA.

Буџетот изнесува 28,515,000 МКД и е во целост употребен или резервиран за проектите поддржани во 1995 година.

Со средствата обезбедени од МЦМС се мобилизирани локални ресурси од селаните, владината Агенција за развој и Министерството за урбанизам во проценет износ од 85.527.850,00 МКД, односно 77% од вкупната вредност на проектите. Мобилизацијата на локалните ресурси е круцијална за успехот на МЦМС во ПВС, но и во останатите програми.

Табела 3. Преглед на села, видови активности и учество на МЦМС

Село	Водовод			Извор бунар - Б капт. - К довод-Д	Ел.пумпа потопна - П хориз. - Х	Цевовод	Резервоар	Иницијатива	Одржување
	ис. изг. д.с. д.н. рек.	нов-Н стар-С	гравит.-Г пумпен-П	q=l/s		L=m'	V=m^3		
Прилеп									
1.Беловодица	изг.	Н	Г	К=2	/	3.834	30	МЦМС	лок. пр.
2.Браилово	изг.	Н	П	Б=1,1	Х	4.116	50	МЦМС	село
3.Зрзе	изг.	Н	Г	К=2	/	2.310	50	МЦМС	село
4.Дреновци	изг.	Н	Г	К=0,3	/	3.080	26	МЦМС	село
5.Алинци	д.с.	С	П	Б=4-6	П	2.960	110	село	село
6.Славеј	д.с.	С	П	Б=6,7	П	3.102	-	село	село
7.Десово	ис.							МЦМС	
8.Канатларци	ис.							МЦМС	
9.Црнилиште	ис.							МЦМС	
10.Крушевица	ис.							МЦМС	
	изг.	Н	Г	К=0,8	/	2.675	50	МЦМС	село
Т. Велес									
11.Согле	изг.	Н	П	Б=3-5	Х	1.810	55	МЦМС	село
12.Д.Јаболчиште	изг.	Н	Г	К=2,2	/	2.363	55	МЦМС	село
13.Чолошево	д.с.	С	Г	К=1	/	1.203	50	село	село
14.Теово	изг.	Н	П	Б=3-5	Х	2.040	55	МЦМС	село
15.Сопот	д.с.	С	Г	К=0,05	/	1.200	/	МЦМС	село
Св. Николе									
16.Кадрифаково	рек.	С	П	Б=2	П	1.600	500	МЦМС	лок. пр.
17.Коселери	д.н.	Н	П	К=0,5	Х	370	30	МЦМС	лок. пр.
18.Павлешенци	ис.							село	
19.Дорефулија	ис.							МЦМС	
20.Милино	изг.	Н	Г	К=4	/	3.312	120	село	село
21.Буриловци	рек.	С	Г	К=0,5	/	550	/	МЦМС	село
22.Каратманово	д.н.	Н	П	Б=6	Х	3.000	60	село	село
23.Лозово	д.с.	С	П	Б=4	П	1.000	80	село	село
24.Амзибегово	д.с.	С	Г	К=1	/	2.635	130	село	
Струмица									
25.Штука	д.с.	С	Г	К=8,5	/	1.700	50	село	село
Радовиш									
26.Ракитец	д.с.	С	П	Б=12	П	1.868	160	село	село
27.Штурово	д.н.	Н	Г	К=1	/	3.520	20	село	село
28.Јаргулица	рек.	С	П	Б=16	П	6.000	270	село	јав. пр.
29.Дедино	д.н.	Н	П	Б=15	П	4.130	180	село	село
30.Козбунар	д.с.	С	Г	К=0,5	/	1.400	/	село	село
Штип									
31.Пухче	изг.	Н	Г	К=0,35	/	500	20	МЦМС	село
32.Горачино	изг.	Н	Г	К=0,2	/	350	18	село	село
33.Аргулица	д.с.	С	П	Б=3-5	П	200	270	село	лок. пр.
34.Радање	д.с.	С	П	Б=3-5	П	7.000	180	село	лок. пр.
Кратово									
35.Туралево	д.н.	Н	П	Д=6,6	Ц*	Ц*	Ц*	село	јав.пр.
36.Филиповци	д.н.	Н	П	Д=3,2	Ц*	Ц*	Ц*	село	јав.пр.
37.Вакав	д.н.	Н	П	Д=3,1	Ц*	Ц*	Ц*	село	јав.пр.
38.Сакулица	д.н.	Н	П	Д=5,3	Ц*	Ц*	Ц*	село	јав.пр.
39.Тополовиќ	д.н.	Н	П	Д=1,8	Ц*	Ц*	Ц*	село	јав.пр.
Скопје									
40.Горњане	рек.	С	Г	К=0,5	/	350	/	село	село
41.Д. Свиларе	д.н.	Н	П	Д=39	Ц*	4.055	150	село	јав.пр.
42.Бунарџик**	д.н.	С	П	Б=20	Х	3.500	50	село	јав. пр.
	д.н.	С	П	Б=20	Х	3.500	50	село	јав. пр.

ис. - истражно-проект. работи
д.с. - доградба на стар водовод
рек. - реконструкција на водовод
** - Бунарџик заедно со три села

изг. - изградба на водовод
д.н. - доградба на нов водовод
Ц* - снабдување од централен систем
☐ - делови во кои учествуваше МЦМС

Програма за селски развојни иницијативи (ПСИ)

Цел на програмата е да се поддржи опстанокот на селата, демократските процеси и меѓуетничката комуникација, преку подршка и развој на економските можности во етнички мешаните подрачја.


Програмата се спроведува во селата во западниот дел од земјата ситуирани во западниот планински масив кој се протега во општините Гостивар, Кичево, Македонски Брод, Титов Велес, Прилеп, Крушево и Струга.

Кон програмата ПСИ е додадена Програмата за развој на сушните региони.

Во 1995 година се остварени активности во 5 општини: Гостивар, Дебар, Мак. Брод, Титов Велес и Струмица.


Табела 4. Географска дистрибуција на проекти од ПСИ


Општина	Проекти
Гостивар	5
Дебар	3
М. Брод	2
Т. Велес	1
Струмица	1
ВКУПНО	**12**



Активностите се состоеја од поддршка во инфраструктурни објекти (7 проекти) и генерирање на приходи (5 проекти).

Видови активности во ПСИ





Санитација

Изведени се два проекти за санитација и тоа во селата Велебрдо и Долна Река во Гостивар и Мал Папрадник во Центар Жупа, Дебар (проекти: Велебрдо бр. 02.4/95 и Мал Папрадник бр. 02.11/95).

И во двата случаи МЦМС учествуваше со материјали: цевки и градежни материјали, а селаните ги извршија сите ископи, монтирање и градежни работи. Двата проекти се завршени.

Водоснабдување

Изведени се два проекти за водоснабдување и тоа во селата Жировница и Требиште од Гостивар (проекти: Жировница бр. 02.1/95 и Требиште бр. 02.3/95).

Со првиот проект се поддржа доградбата на стариот водовод, кој стана недоволен поради големата експанзија на населението. МЦМС помогна во набавката на цевки и градежни материјали. Каптажата не е завршена пред сезоната на снегови. Таа е на голема надморска височина, каде е возможен пристап само со хеликоптер или со магарења. Чекајќи ја помошта на UNPROFOR или АРМ, дојдоа снеговите.

Со вториот проект е поддржана активноста на селаните и земјоделската задруга "Напредок" за изградба на поило за стоката и базен за дезинфекција на овците. МЦМС помог-

на во набавка на градежните материјали. Проектот е завршен. Со овој проект се заокружува една активност за подршка на сточарството во селото и неколкуте околни села. Во 1994 година поддржан е проект за реконструкција на ситемот за наводнување на селските пасишта и поила за стока.



Образование

Подрачното основно училиште во с. Врбјани (Проект Нагледни средства за ОУ "Јосип Броз Тито" - Гостивар број 02.2/95) е изградено во 1947г. Во него наставата ја посетуваат 121 ученик од 1-8 одделение Наставата се одвива на албански јазик. Нагледните средства во училиштето ги нема или се во многу лоша состојба. МЦМС се реши за училиштето да набави нови нагледни средства со што наставата би се одвивала во подобри услови.

Поради неодлучноста на селаните, што попрво до градот пат или водовод, откажан е делот од проектот со кој се предвидуваше изградба на водовод.





Комуникации

Дел од планинските села, а посебно оние од западниот дел на Македонија во текот на зимскиот период се речиси отсечени од општинските центри.

Од тие причини, МЦМС (Проект Радиокомуникации бр. 02.10/95) реши во 9 села да помогне со набавка, монтирање и употреба на радио-станици кои што ќе станат составен дел на општинските центри за известување. Станици добија селата С'лп, Ореше, Ореов Дол, Владиловци и Крајници во Титов Велес, а останатите Гарван и Коџалија во Радовиш и Царевиќ и Небрегово во Прилеп, ќе се монтираат во 1996 година.

Со ова се овозможува непречена комуникација на селата со општината и со останатите села.

Генерирање на приходи

МЦМС поддржа вкупно пет проекти за генерирање на приходи, од кои четири се проекти за креирање на работни места, а еден е проект за подобрување на приходите. Два проекти се од секторот на сточарство, два од секторот на преработка на шумски производи, и еден од секторот на преработка на млеко.

Со проектот Жировница број 02.1/95 се отвори нов погон за производство на брикети во локалното претпријатие "Бреза". Претпријатието "Бреза" е единствениот индустриски објект кој што работи во селото. Воедно е и загадувач на реката со дрвен отпад. Со отворање на погонот, во првата фаза се вработени 3 жени, самохрани мајки (вкупно планира-

ни 10 работни места) од селото и еколошки се заштити реката, затоа што отпадоците од пиланата сега се преработуваат во брикети. МЦМС за погонот додели заем.

Со проектот Козарска фарма број 02.5/95 преку доделен заем отворена е козарска фарма. Фармата е сместена во с. Томино Село, во М. Брод. Има 130 кози наместо планираните 300, бидејќи се набавени не локални кози туку мелези од расата санска и домашната коза. Овие се со подобра млечност и се чуваат шталски. Носител на преоктот е ПТП "Столе Ристески", чиј сопственик Љупчо Новески, агроном се пресели од Скопје во Мак. Брод.







Со проектот Секундарни шумски производи број 02.7/95 е предвидена експлоатација на секундарни шумски производи во М. Брод. Проектот е заедничка иницијатива на "Херба систем", акционерско друштво и локалната задруга "Напредок". "Напредок" има празна зграда од 700м^2 а "Херба систем" има знаење. Со заем од МЦМС ќе се набават машини за преработка. Ќе се вработат 11 лица, а 600 лица воглавном стари и деца ќе работат како собирачи на плодови. За собирачите "Херба систем" ќе обезбеди обука за еколошки безбедно собирање на плодови и тревки. Овој проект заради сложеноста имаше идентификација долга 12 месеци. Одобрен е во Ноември '95 г., а активностите ќе се реализираат во 1996 г.



Со проектот Пчеларство број 02.8/95 МЦМС поддржа група на селани од Дебар во започнување на пчеларство. Вкупно се подржани 25 селани од 14 села. Секој доби 4 пчелни семејства и кошници во форма на стоков заем и опрема за пчеларење како подарок. Селаните формираа групи од 3-4 селани, кои меѓусебно ќе соработуваат и ќе го гарантираат враќањето на заемот. Во соработка со пчеларското друштво "Матица" од Дебар е организирана обука за селаните.

Со проектот Млекара во Центар Жупа број 02.15/95 е одобрен заем за млекара во Центар Жупа во општина Дебар. Носител на проектот е локалната задруга "Нов Живот" која го обезбедува објектот, а со заемот од МЦМС ќе се обезбеди опремата. Млекарата има капацитет од 3 тони млечни преработки дневно.

Проектот е одобрен во ноември 1995 год., а ќе се спроведе во 1996 година.

Информации

Недоволните пазарни информации, високите трошоци на набавката и отсуството на капитал, се тријадата проблеми со кои се соочени не само малите туку и средните земјоделци.

МЦМС во соработка со VSO започна проект со две компоненти: агромаркетинг информативен сервис, кој еднаш неделно обезбедува информации за цените на пазарите за 50 продукти од шест града во земјата кои се дистрибуираат во 50 села во општината Струмица и физибилити студија за фармерски асоцијации, за набавка и заеми.

Еден од основните проблеми со кои МЦМС се сретнува во работата со заемите се лошите навики стекнати во претходната кредитна

пракса во земјата: ненаменско користење, отсуство на колатерали, евапорација на фондовите со нереални камати. Кога барателите се соочуваат со поинаква пракса: наменско користење, јаки колатерали и заштита на заемот од евапорација, се откажуваат со што кај МЦМС се предизвикува од во празно.

Средствата за програмата се обезбедени од ICCO и HEKS. Буџетот изнесуваше 21,147,386 МКД, од тоа 16,919,568 МКД се употребени или резервирани за проектите поддржани во 1995 година. Со средствата од програмата се мобилизирани локални ресурси во проценет износ од 8.174.000,00 МКД односно 32,6% од вкупната вредност.

ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

Генерална цел на Програмата за поттикнување на вработувањето (ППВ) е поддршка на малите иницијативи (урбани и периурбани), кои се грижат за потребите од работа на најчувствителните групи на работници: жените, хендикепираните и другите социоекономски маргинализирани групи.

Овие цели треба да се остварат преку:

- Сервиси, фабрики и останати кои имаат најинтензивни вработувања. Вакви иницијативи ќе добиваат помош од МЦМС, вклучувајќи и кредити, кои најчесто ќе бидат враќани назад во облик на продукти, што ќе се користи во другите програми.
- Обука за раководење на мали и средни претпријатија
- Негување на меѓународните комерцијални контакти на претпријатија од земјата со компании од Европската унија.

Концептот еволуираше во текот на 1995 година се до дефинирањето на мерките во септември 1995 година, кои предвидуваат фонд за заеми за создавање на работни места, обука и алтернативна трговија.

Создавање на работни места

МЦМС обезбедува пристап кон капитал под фер услови за поддршка на мали иницијативи, создавање на работни места и за генерирање на приходи за жени, хендикепирани и други социјално и економски маргинализирани групи.

Во Скопје (проект "ХИМА", заштитно претпријатие број 17/95) со проект се обезбедува заем за проширување на производството на заштитната работилница "ХИМА" и отворање на 17 нови работни места од кои 13 за хендикепирани лица.

Со нова машина за дувана пластика се отвора нова производствена линија за производство на мала пластична амбалажа за хигиенски средства и млечни производи.

Хендикепираните лица нема да бидат ангажирани директно на работа на машината. Тие ќе бидат ангажирани во контрола на квалитетот и пакување на производите.

Заемот е доделен во април 1995 година. Машината е набавена во Ноември 1995 г.

Обука

Обуката во 1995 година се движеше во два правци, обука за раководење и обука за квалификации.

Со Проект Курсеви за шиење број 19/95 се организираат курсеви за шиење во три турнуса од по 4 курса (вкупно 12 курсеви) во 12 села населени со етнички Албанци во општините: Скопје, Тетово и Гостивар. Секој турнус трае по 3 и пол месеци.

Целите на овој проект се повеќекратни и сложени. Со него се обезбедува обука на жените, по која ќе имаат соодветно стекнато знаење за шивачкиот занает. Меѓутоа исто така курсевите обезбедуваат место за дружење на жените.

Организатори на курсевите се ЕСЕ и СЖАМ.

Во 1995 година се завршени курсевите во Скопје.

PUM е организација со седиште во Хаг, Холандија, која обезбедува искусни волонтери за обука за раководители. Во септември 1995 година е постигнат договор за соработка. МЦМС аплицира за техничка помош за претпријатијата опфатени со ППВ и ПСИ.





Економски врски

Негувањето на трговските контакти со компании од Западна Европа се фокусира на активности за воспоставување односи со претпријатија од алтернативната трговија. Започнати се контакти со меѓународните федерации, пред се со IFAT. Првиот индивидуален напор за презентација на производите на "Саја" во Италија беше неуспешен.

ДОСТОИНСТВО НА ХЕНДИКЕПИРАНИ / МАРГИНАЛИЗИРАНИ

Квалитетот на животот на хендикепираните лица во земјата е многу низок. Тие се затворени надвор од центрите на населбите и нивниот пристап во општеството е многу ограничен.

Меѓународната помош на државните институции драстично се намали. И МЦМС наидува на проблеми во мобилизирањето на средства за оваа програма.

Програма за достоинство на хендикепирани (ПДХ)

Генерална цел на програмата е да се помогнат хендикепираните лица во обезбедување нормална и достоинствена егзистенција, и интеграција во општеството.

Целна група на програмата се хендикепираните лица во земјата.

Целната група ги опфаќа хендикепираните лица во социјалните установи, специјалните училишта, заштитните работилници и оние надвор од нив.

МЦМС се фокусира на слепи, глувонеми, ментално ретардирани, физички хендикепирани лица и деца без родителска грижа. МЦМС во 1993 - 1994 год. ги помагаше и пензионерите, но тие сега не се во фокусот на програмата.



Табела 5. Географска дистрибуција, целна група и активност

Име и бр. на проект	Географ. дистриб.	Целна група	Бр.на кор.	Активност во ПДХ
1 Вузуелно хенд. бр. 03/95	Скопје	Слепи	-	Опрема за инф. образование, информации и рекреација
2 Бања Банско бр. 05/95	Струмица	Ментално хендикепирани	79	Опрема за рекреативни соби и сервис на лифтови
3 Св. Наум бр. 07/95	Скопје	Ментално хендикепирани	207	Заем за сервис за поправка на коли и графичка работилница
4 Ранка Милановиќ бр. 09/95	Скопје	Хендикепирани	47	Заем за производство на печурки
5 25 Мај бр. 13/1/95	Скопје	Глуви	24	Опрема за информатичко образование и курс
6 Научно истраж. бр. 13/15/95	Национ.	Хендикепирани	-	Научно истражување за ситуаци јата во РМ
7 Сем. за соц. Раб бр. 13/27/95	Национ.	Хендикепирани	-	Семинар за социјални работни ци

Посебно внимание МЦМС посвети на училиштата и вработувањето со што всушност, целната група на програмата се фокусира на помладите од 25 години.

Активност

Во програмата за достоинство на хендикепирани, во 1995 год. спроведени се 9 проекти, од кои 2 проекти се пренесени активности од 1994 г.

Од нив два проекти се спроведувани во "Бања Банско" 21/94 и 05/95.

Во Демир Капија (Проект Демир Капија број 11/94), установа за ментално ретардирани, набавени се машини за шиење за во шивачката работилница. Целна група на проектот се 130 штитениците на заводот во Демир Капија на кои им е потребна окупациона терапија. Активностите на МЦМС во заводот се завршени во Март 1995 г. со донесувањето на машините во заводот


Во Бања Банско (Проект Бања Банско број 21/94) установа за физички хендикепирани, со вкупно 79 штитеници, извршена е адаптација на системот за греење на геотермална вода која во регионот ја има во изобилство и реконструкција на санитарните јазли и базенот за терапија во заводот. Активностите се завршени во Април 1995 г. поради големи одлагања од страна на изведувачот.

Додека во 1994 год., доминираа проектите за реконструкција на социјалните установи, во 1995 год. се поддржаа проекти за генерирање на сопствени приходи на социјалните установи. Втора карактеристика е концентрацијата на три установи, "Бања Бањско", во Струмица, "Свети Наум Охридски" и "Ранка Милановиќ", во Скопје. Во трите наведени установи во 1994/95, се изведени по два проекти, односно, еден за итните потреби, а еден за генерирање на приходи.

Во "Бања Банско", установа за телесно хендикепирани (Проект "Бања Банско" број 05/95) се финансирани активности за соодветно опремување на собите за рекреација, сервисирање на лифтовите кои го поврзуваат делот за престој со делот за терапија, расчистување на дворот и негово оспособување за рекреација на штитениците. Исто така подржана е изградбата на стаклени бавчи за рановградинарско производство. При тоа се употребени материјали извадени при реконструкцијата на парното греење (проект Бања Банско број 21/94). Бавчите имаат вкупна површина од 400 м2 а во 1995 год. во нив се произведени 16.100 кг. зеленчук, за потребите на штитениците и за продажба.

Планираната обука на персоналот не е спроведена поради неможност на предавачите од Институтот во Випава, Словенија да го одржат во текот на 1995 г. па оваа активност е одложена за во 1996 г.

Во "Св. Наум Охридски", училиште за лесно ментално ретардирани лица (Проектот Св. Наум Охридски број 07/95), со поддршка на адаптација на училишните автомеханичарски работилници и со обновување на машините





во графичката работилница се обезбедени: конкурентен излез на пазарот со сопствено производство кое што ќе обезбедува сопствени извори на средства на Центарот; отворање на нови работни места за учениците што завршуваат во Центарот; натамошно интензивирање на мотивацијата на персоналот на Центарот за пронаоѓање на сопствени перспективи и патишта за излез од кризата. Центарот склучи договор со ECA, застапник на германската фирма "Опел" за користење на автомеханичарските работилници. По основ на овој договор Центарот ќе обезбедува нето добивка од 60.000,00 ДЕМ годишно.

Сите активности се завршени во текот на 1995 г.

Во "Ранка Милановиќ", училиште и интернат за асоцијални деца (Проект Ранка Милановиќ број 09/95) се обезбедува заем за адаптации и опремување на постоечкиот подрум во институцијата за одгледување на печурки. Заемот е со една година греис период, рок од две години враќање, со 5% годишна





камата. Ова е прв случај на поддршка на проект на социјална установа со заем.

Во печуркарата ќе работат, сите момчиња од институцијата, како и персоналот од управно-административната служба. Поради доцното обезбедување на средства активностите на адаптацијата на подрумот се започнати во декември 1995 год. Според предвидената динамика на работите, печуркарата со производство треба да почне во април 96 година.

Сојузот на слепи на Македонија (Проект Визуелно хендикепирани број 03/95) набави опрема за обука на слепи лица за работа на компјутер, за издавачка дејност и рекреативни потреби. Набавката е извршена со средствата од отплатата на заемот на претпријатието "Норт" (Проект Еманципација на визуелно хендикепирани број 17/94).

МЦМС реализира три мали проекти:

Во Центарот за рехабилитација на млади со оштетен слух "25Мај" во Скопје (Проект број 13.1/95), во соработка со Институтот отворено општество и приватни донатори, набавена е опрема за обука по информатика и во периодот април-мај организиран е првиот курс за DOS и Windows за глуви деца. Курсот го следеа 24 деца. Курсот е напор да се изврши притисок врз Министерството за образование, обуката по информатика да ја воведе во редовната наставна програма за глуви деца.

МЦМС финансиски ја помогна Втората летна балканска школа за социјални работници (проект број 13.27/95) на тема "Социјална работа и социјална политика". Во школата која работеше осум дена, учествуваа 55 студенти и 18 предавачи од Балкнот, Европа и САД.

Институтот за социолошки и политичко-правно истражувања од Скопје, по барање на МЦМС (проект број 13.15/95) изврши истражување на социолошката положба на хендикепираните лица и нивната општествена заштита. Во истражувањето се вклучени сите установи за заштита, образование и згрижување на хендикепирани лица во земјата. Студијата со предлог мерки за подобрување на положбата на хендикепираните лица, ќе биде завршена во 1996 година.

Програма за јакнење на Ромите (ПЈР)

Генералната цел на програмата е придонес во јакнење на Ромите во Македонија.

Цел на програмата е да се помогне во надминување на социоекономската маргинализација преку поддршка на образованието и вработувањето.

Посебно се обрнува внимание на ромските НВО, бидејќи долгорочно, самоорганизирањето на Ромите е клучно за нивната еманципација.

Целна група на програмата се Ромите во периферните градски населби.

Во 1995 год. Програмата ги опфаќа Ромите воглавно од северниот дел од земјата и тоа во Скопје, Куманово, Крива Паланка, Гостивар, Тетово, Кичево, Дебар, Прилеп и Ресен, каде живеат околу 75% од Ромите во земјата.

Вкупно 4.000 ученици се директни корисници на ПЈР

Проект: Образовни можности на Ромите бр. 31/94

Целна група на проектот се Ромите без завршено основно образование кои посетуваат настава во вечерното училиште АС Макаренко во Шуто Оризари. Наставата се одвиваше во хангари изградени по земјотресот во 1963 г. и од тогаш се до сега немаше извршено никаква поправка. Изведена е реконструкција на училиштето и набавена е опрема за две училници, ќумбиња за сите училници, табли и сл.

Вториот дел од проектот беше дистрибуција на школски прибор за 1800 Ромски деца во 8 општини во земјата кои посетуваат настава во редовно основно образование. Дистрибуцијата ја спроведуваа Ромските организации Хомос, Даја и Месечина.

Сите активности започнаа во средината на Декември 1994 г. Реконструкцијата е завршена во Март 1995 г., а дистрибуцијата заврши во Април 1995 г.

Алиевски

Работната група Алиевски од Marsuum, Холандија, обезбедува месечна финансиска подршка за семејството Алиевски од Куманово. МЦМС посредува и врши набљудување.

Проект: НВО и центар за обука на Роми бр. 10А/95

Поставување на барака во најголемата Ромска населба, Шуто Оризари во Скопје, подарок од општината Тилбург од Холандија. Бараката е со повеќе намени. Дел од бараката ќе се користи за обука за квалификации за работа и семинари за сексуално образование и планирање на семејството а дел ќе се изнајмува, со што ќе се обезбедуваат средства за нејзино одржување и финансирање на основните активности на Хомос. Мал дел од бараката ќе го користи Хомос како свое седиште.

Спроведувањето на проектот трае подолго од една и пол година. Шест месеци во 1994 година беа потребни за добивање дозвола за





локација, а цела една година за добивање на градежна дозвола (декември 1994 - декември 1995). Монтирањето на бараката ќе биде во 1996 година.

Проект: Школски материјали за Ромите бр. 10Б/95

Цел на проектот е стимулирање на образованието кај Ромите со дистрибуција на школски материјали, и јакнење на Ромските организации. Проектот беше целосно организиран и реализиран од две Ромски организации, Месечина и Даја. Дистрибуирани беа купони за набавка на школски материјали според потребата на корисниците во 6 општини во северозападниот дел на Република Македонија. Проектот целосно е реализиран во текот на август-октомври 1995 г.

МЦМС поддржа и два мали проекти:

Во организација на Ромското здружение "Рома", организиран е семинар за ромската култура (Проект 13.4/95). Курсот траеше 10 дена, а го посетуваа 25 учесници.

Со подршка на МЦМС (Проект 13.7/95) претставници на "Шутел" (локална ромска телевизија) учествуваа на Ромската конференција за мир, одржана на 07-11.05.1995 година, во Будимпешта.





РАЗВОЈ НА ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО

Цел на оваа програма е:

- да се идентификараат НВО, цивилни групи, агенции на верските заедници во Македонија кои сакаат да спроведат програми во областа на служба на црквите и општеството, развој и рехабилитација, како и натамошен развој на цивилното општество.
- да се мобилизира подршка за работата на овие групи, јакнење на нивниот оперативен капацитет, одговорност и транспарентност, помош на организациите во формулација на проектите.

Во Програмата за развој на цивилното општество (ПЦО) во 1995 година се поддржани вкупно 39 проекти од кои 30 проекти се финансирани од фондовите за мали проекти бр. 32/94 и 13/95.

МЦМС и во 1995 г. се концентрира на следните сектори: хуманитарна работа (вклучувајки ја хуманитарната работа на верските заедници), човекови права и меѓуетнички дијалог, екологија, права на жените и здравствена едукација.

Техничка помош


Жени

Организацијата на жени на град Скопје (проект СОС телефон број 07/94) овозможи создавање на постојан телефонски контакт за жени и деца, жртви на насилство. 20 волонтерки посебно обучени за помош во вакви ситуации, секојдневно во период од 8 часа, опслужуваат просечно по 5-6 повици. СОС телефонот развои и волонтерски адвокатски услуги.


Сојузот на Албанската жена во Македонија (проект САЖМ број 22/94) беше помогнат со опрема за да се подобри капацитетот за



Целна група



Активност



изведување на нивните активности. Проектот ги покажа слабостите кои се присутни и во другите НВО, отсуство на јасно дефинирани цели, лоша организациона структура итн. Сепак проектот создаде основа за развој на САЖМ и ги зацврсти односите и довербата меѓу САЖМ и МЦМС.

Хуманитарна работа

Македонската Православна Црква е единствената верска заедница без организирана социјално-хуманитарна работа. МЦМС започна активности за поттикнување на хуманитарна агенција на МПЦ во 1994 год. Вклучувањето на претставник на МПЦ во Извршниот одбор на МЦМС беше дел од фацилитацијата. Во 1995 год. Светиот Синод на МПЦ, донесе одлука, во рамките на МПЦ да основа хуманитарна организација "Милосрдие". Избрани се извршните органи и раководството, а седиштето е во седиштето на Архиепископијата. МЦМС дефинира проект (проект Операционализација на "Милосрдие" број 16/95), со кој се предвидува опрема, обука и поддршка за административните трошоци. За проектот се обезбедени срдства од DCA во декември 1995 год., така што реализацијата ќе се одвива во 1996 година.

"Месечина", ромска хуманитарна организација од Гостивар, е еден од најактивните партнери на МЦМС. Со проектот, Операционализација на "Месечина" број 22/95 е предвидно обезбедување на седиште и возило. Седиштето ќе се обезбеди со поставување на една од двете бараки, подарок од општината Тилбург, Холандија. Искуствата покажуваат дека монтажата ќе биде возможна во втората половина на 1996 година, односно откако ќе се помине долгата процедура за добивање на сите дозволи. Набавено е комби возило кое се користи и за генерирање приходи, преку изнајмување. Проектот продолжува во 1996 година. Средствата се обезбедени од DCA.

Подршка на програми

Екологија, здравствена едукација

Ревијата "Екологија" (проект Ревија екологија број 18/95) во издание на Движењето на екологистите на Македонија, ја шири еколошката свест, претставувајќи ги еколошките проблеми во целата земја и промовирајќи ја потребата од зачувување на животната средина.

МЦМС во 1995 година, го помогна финансирањето за дистрибуција на ревијата со што ја зголеми опфатената целна група и територија, посебно со делење на бесплатни примероци во основните училишта во руралните средини.

СИДА - заеднички права, заедничка одговорност е слоганот за одбележувањето на 1 декември, ден на борба против СИДА-та и на проектот на МЦМС бр. 26/95. Помогната е кампањата на МАСА и издавањето на книгата "СИДА - страв и предрасуди" од локален епидемиолог, кој говори за првите искуства со СИДА-та во Македонија.

"Животна искра", организација на жени заболени од рак, издаде серија брошури за превенција на ракот на македонски и на јазиците на малцинствата. Издадена е и книгата "Стапалки по жолти лисја", која претставува лични доживување за соочувањето со болеста. МЦМС (проект Животна искра број 27/95) ги подржа овие активности.

Застапување

Систематизирајќи повеќе свои активности, МЦМС го започна овој проект (број 20/95) со цел да се поттикне измената на постоечката законска регулатива за работа на невладините организации во Македонија. Се изработи студија за состојбата со законската регулатива во Македонија, споредбена студија со состојбата во други земји и се организираше трибина на оваа тема. И во 1996 год. продолжуваат активностите на ова поле со лобирање во надлежните институции.

Нови мерки

Центарот за поддршка на НВО настана како резултат на потребите на локалните НВО. МЦМС дефинира три проекти: Центар за поддршка на НВО број 11/95, Обука на НВО број 12/95 и Интернет за НВО број 24/95. Активностите на Центарот се одложени и опфатени со ПЦО (види подолу). МЦМС предвиде обука за НВО во основните вештини. Реализиран е првиот дел за компјутерска обука со кои се опфатени 11 НВО, а курсевите ги завршија 55 активисти на НВО. Останатиот дел од обуката е интегриран во ПЦО. МЦМС, кон крајот на годината набави дел од опремата потребна за Интернет.

Во февруари 1995 година се изготвени нацрт мерките за ПЦО, од кои во јуни истата година произлезе тригодишната Програма за развој на цивилното општество 1995 - 1998. Програмата интегрира три, всушност четири активности: канцеларија за поддршка на НВО, информации, обука и фонд за мали проекти. Програмата ја финансира Министерството за надворешни работи на Холандија, Генерален директорат за меѓународна соработка (DGIS).

СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

СОБРАНИЕ

Колективно членство

МЦМС го конституираат 11 невладини оранизации:

1. Хуманитарна организација "Хомос"	(Хомос)
2. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите "Месечина"	(Месечина)
3. Форум за човекови права	(ФЧП)
4. Хелсиншки комитет за човекови права	(ХКЧП)
5. Движење на екологисти на Македонија	(ДЕМ)
6. Младински совет на Македонија	(МСМ)
7. Сојуз на студентите при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"	(ССУКМ)
8. Организација на жени на Македонија	(ОЖМ)
9. Сојуз на организации на жените во РМ	(СОЖМ)
10. Сојуз на албанската жена во Македонија	(САЖМ)
11. Сојуз на пензионери на Македонија	(СПМ)

Членови на Собранието

1. Г-н Мирко Спироски, Претседател		13. Г-н Вите Исјановски	(СПМ)
2. Г-ѓа Кадриу Нурије	(САЖМ)	14. Г-ца Биљана Стевановска	(ДЕМ)
3. Г-ѓа Муќерем Руси	(САЖМ)	15. Г-н Свето Стефановски	(ДЕМ)
4. Г-н Зоран Костов	(МСМ)	16. Г-ѓа Васка Калинска	(СОЖМ)
5. Г-ца Анета Андонова	(МСМ)	17. Г-ѓа Савка Тодоровска	(СОЖМ)
6. Г-н Точи Мухамед	(Месечина)	18. Г-ѓа Јорданка Куситасевска	(ОЖМ)
7. Г-н Арифи Сељам	(Месечина)	19. Г-ѓа Надежда Герасимова	(ОЖМ)
8. Г-н Рамадан Сејфулов	(Хомос)	20. Г-н Мето Јовановски	(ХКЧП)
9. Г-н Ќани Рамадан	(Хомос)	21. Г-ѓа Хатиџе Исљами	(ХЧКП)
10. Г-н Иван Тулевски	(ФЧП)	12. Г-н Митко Кржовски	(ССУКМ)
11. Г-н Борис Давитков	(ФЧП)	23. Г-н Сашо Стрезоски	(ССУКМ)
12. Г-н Андон Марковски	(СПМ)		

Мандатот на Собранието е од 1994 до 1998 година.

ИЗВРШЕН ОДБОР

"Извршниот одбор го очекува голема задача. Композицијата што тие ја имаат е многу исклучителна: Јас само држам стиснати палци и се надевам дека сите членови ќе најдат доволно резерви на толеранција, за која сега не се во потполност свесни дека можеби ја поседуваат". (Герт Јан вон Апелдорн, ХМП, техничка мисија, февруари 1995 год.)

Извршниот одбор и навистина е исклучителен. Тој е комбинација на претставници на невладини организации и верски заедници и индивидуалци експерти од различно етничко потекло, верска припадност, пол, социјален статус и професионална ориентација.

Сите членови на Извршниот одбор со голема толеранција на меѓусебните разлики се посветија на она што им е заедничка желба: мир, среќа и работа за сите во земјата.

Со својата работа усогласена до консензус, Извршниот одбор е гарант на мисијата и целите на МЦМС.

Состав и структура на Извршниот одбор

1. **Г-н Мирко Спироски, Претседател** - Доктор на медицински науки, професор на Медицински факултет и претседател на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија
2. **Г-ѓа Нуриje Кадриу** (САЖМ) - Наставник, претседател на огранокот на САЖМ во Скопје
3. **Г-н Зоран Костов** (МСМ) - Новинар, претседател на МСМ и Гл. и одг. уредник на "Студентски Збор"
4. **Г-н Мухамед Точи** (Месечина) - Невработен, член во претседателство на ХДЗР "Месечина"
5. **Прота Драги Костадиновски** (МПЦ) - Старешина на Соборната Црква "Св. Климент Охридски"-Скопје и генерален секретар на "Милосрдие", агенција на Македонската Православна Црква
6. **Зејнула Еф. Фазлиу** (ИВЗ) - Референт во мешихатот на Исламската верска заедница
7. **Пречесен Михаил Цеков** (ЕМЦ) - Свештеник на Евангелско методистичката црква во Струмица
8. **Г-н Иван Тулевски** - Невропсихијатар, шеф на Центарот за превентива и лекување на болести на зависности
9. **Г-ца Наташа Габер** - Доктор на правни науки, истражувач во Универзитетскиот центар за меѓуетнички односи
10. **Г-ѓа Теута Крашница-Чучкова** - Новинар во Македонско радио, мировен активист

Мандатот на Извршниот одбор е **од 1994 до 1998 год.**

ПЕРСОНАЛ

Јадрото на персоналот формирано во 1994, се задржа и во 1995 год.

Во јануари 1995 год. Извршниот одбор ја утврди ситематизацијата и описот на работните места во МЦМС. Со тоа персоналот на МЦМС е поделен во одделенија кои се формираат согласно главните програмски линии. Формирани се шест одделенија: за развој на село; поттикнување на вработувањето; достоинство на хендикепираните и маргинилизираните; за развој на цивилното општество; информации и за административни и финансиски работи.

Извршниот одбор во февруари 1995 год. го избра дотогашниот вршител на должноста Сашо Клековски на функцијата Програм директор во периодот 1995/99 год.

Во периодот до април 1995 год. Програм директорот изврши избор и распоредување на персоналот. Во април девет работници склучија договори за работа. Остана непополнето работното место сметководител.

Во септември 1995 год. вработен е со полно работно време сметководителот, кој дотогаш работеше како надворешен консултант.

Во декември 1995 со работа започнаа и тројца службеници во Одделението за развој на цивилното општество.



* - половина работно време во Програма за јакнење на Ромите.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ


Одговорност на Програм директорот за подготовка на финансискиот извештај

Програм директорот е обврзан со актите на МЦМС (член 23 од Правилникот за водење на сметководство, дел. бр. 01-108/2-1995), да го подготви финансискиот извештај кој дава објективен и реален преглед на состојбата на работите на МЦМС на полугодието и на крајот на секоја финансиска година.

Тој е исто така одговорен за водењето уредни сметководствени исзвештаи, за чување на средствата на МЦМС и за превенција и откривање на злоупотребата и други ирегуларности.


Во подготовката на овој финансиски извештај, Програм директорот, има осигурено дека е употребувана и постојано применувана соодветна сметководствена политика, дека се следени применливите сметководствени стандарди и дека се направени разумни и паметни судови.

Извори на поддршка на МЦМС



Податоците не ги вклучуваат средствата мобилизирани локално. МЦМС ги проценува овие средства на 95,000,000 МКД. Овие средства не се дел на финансиските извештаи на МЦМС, но се круцијални за нашиот успех.

Како МЦМС ја употреби поддршката



Македонски центар за меѓународна соработка
Хуманитарна асоцијација

Биланс на состојбата

на ден 31 декември

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	Заб.	1995	1994
А. СРЕДСТВА			
Постојани средства и други средства			
Сегашна вредност на основни средства	3	6,897	1,017
Долгорочни вложувања	4	8,740	-
Вкупно постојани средства		**15,637**	**1,017**
Парични средства и побарувања			
Парични средства	5	3,515	9,290
Дадени аванси	6	3,274	-
Краткорочни фин. побарувања	7	17,976	1,060
Вкупно парични средства		**24,765**	**10,350**
Залихи, рез. делови и ситен инв.		278	-
Вкупно залихи		**278**	**-**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**40,680**	**11,367**
Б. ОБВРСКИ			
Обврски спрема добавувачите		2,121	615
Други краткорочни обврски	8	51	47
Вкупно обврски		**2,172**	**662**
Фондови и резерви	9	38,508	10,705
Вкупно фондови и резерви		**38,508**	**10,705**
ВКУПНО ОБВРСКИ ,ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ		**40,680**	**11,367**

Македонски центар за меѓународна соработка
Хуманитарна асоцијација

Биланс на приходи и расходи

за годината завршена на 31 декември

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	Заб.	1995	1994
А. ПРИХОДИ			
Донации од 1995	10		
Конзорциум за Македонија		51,474	31,206
Владини и невладини орган.		25,804	3,758
Останати		118	1,052
Вкупно донации		**77,396**	**36,016**
Камати	631	964	
Позитивни курсни разлики		56	-
Останати приходи		627	-
ВКУПНО ПРИХОДИ		**78,710**	**36,980**
Б. РАСХОДИ			
Директни расходи			
Развој на село, проекти од 1994	11	4,425	14,648
Програма за водоснабдување на селата	12	21,832	-
Програма за селски иницијативи	13	3,267	-
Програма за промоција на вработувањето	14	380	369
Програма за достоинство на хендикеп.	15	3,596	1,636
Програма за јакнење на Ромите	16	4,696	2,960
Програма за цивилно општество	17	6,515	778
Вкупно директни расходи		**44,711**	**20,391**
Оперативни и општи расходи	18	**10,524**	**6,496**
ВКУПНО РАСХОДИ		**55,235**	**26,887**
Трансфер од фондот за програма/НР			612
ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ		**23,475**	**10,705**

Македонски центар за меѓународна соработка
Хуманитарна асоцијација

Забелешки кон финансискиот извештај

Заб.1 Историја и природа на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

Македонскиот центар за меѓународна соработка е невладина и непрофитна хуманитарна организација, што работи во областа на развојот, рехабилитацијата и основната помош во Македонија.

Цел на МЦМС е развојот на човечките и материјалните ресурси во Македонија.

МЦМС е основан во 1993 год. како заеднички потфат на локалните иницијативи и Холандската меѓуцрквена помош.

МЦМС, согласно законот, е запишан во Регистарот на општествени организации и здруʻенија на граѓани во Министерството за внатрешни работи, ГУВР Скопје, под реден број 1668, со решение број 10-1190/1 од 09.09.1994 год.

МЦМС е општествена организација со социјално хуманитарни цели (шифра на дејност 140421). Матичен број на МЦМС е 4878256.

Заб.2. Резиме на сметководствената политика

Основа за подготовка

Финансискиот извештај на МЦМС е подготвен во согласност со законските стандарди во Македонија и со стандардите издадени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди.

Финансискиот извештај е изготвен во согласност со концептот на набавната цена.

Основите на сметководствената политика се уредени со следниве акти ан Извршниот одбор на МЦМС: Правилник за водење на сметководството бр. 01-108/2 - 1995; Уредба за водење на сметководството бр. 05-110/2 - 1995; Уредба за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со стварната состојба, бр. 05-112/1-1995; Уредба за начинот и постапката за преместување на амортизацијата и нематеријалните вложувања бр. 05-111/3-1995 и Аналитички контен план на Мцмс бр. 05-71/2 - 1995.

Фондовско сметководство

МЦМС следи процедури на фондовско сметководство со кое изворите за различни цели (програми, проекти) се класифицирани за сметководствени причини во согласност со специфичните цели, задачи и активности.

Ова се прави во согласност со регулативите, рестрикциите и ограничувањата, побарани од донаторите или во согласност со насоките и одлуките на Извршниот одбор.

Фондот е самобилансирачки збир на сметки за бележење на средства, обврски и биланси. Одвоени сметки се применуваат за секоја група на фондови (програми, проекти) за да се осигура согласност со ограничувањата за употреба на изворите.

МЦМС ги одржува следните фондови

Програмски фондови

Програма за водоснабдување на селата	- Програмски фонд (ПФ) и Административен фонд (АФ) рестриктиран и нерестриктиран
Програма за селски развојни иницијативи	- Програмски фонд (ПФ) и Административен фонд (АФ) рестриктиран и нерестриктиран
Програма за потикнување на вработувањето	- Програмски фонд (ПФ) и Административен фонд (АФ) рестриктиран и нерестриктиран
Програма за достоинство на јендикепирани	- Програмски фонд (ПФ) и Административен фонд (АФ) рестриктиран и нерестриктиран
Програма за јакнење на Ромите	- Програмски фонд (ПФ) и Административен фонд (АФ) рестриктиран и нерестриктиран
Цивилно општество	- Програмски фонд (ПФ) и Административен фонд (АФ) рестриктиран и нерестриктиран

Резервни фондови

Програмски фонд, нерестриктиран
Административен фонд, нерестриктиран

Основни средства

Основните средства се ревалоризираат периодично во текот на годината со промена на официјалните коефициенти за ревалоризација, засновани на стапака за порастот на цените на производителите на индустриските производи. Таквите коефициенти се применуваат на набавната или ревалоризационата вредност и на исправката на вредноста. Ефектот на ревалоризацијата на основните средства се книжи во корист на ревалоризационата резерва.

Амортизацијата се пресметува почнувајќи од наредната година на ревалоризираната вредност на основните средства, утврдена на крајот од предходната година.

Применетиот коефициент за ревалоризација на основните средства, набавени во поранешните години, изнесува 0,022. За ревалоризација на основните средства, набавени во текот на тековната година, се применуваат соодветни коефициенти за реавлоризација кои се кумулативно пресметани од месецот на набавката, односно изградбата, до крајот на тековната година.

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки, не пониски од, со закон пропишаните стапки, кои се одредени така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства да се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Пропишани стапики на амортизација кои се во примена се:

Згради	1%
Мебел и опрема	11-20%
Возила	16% и 25%

Донации

Донациите доделени за програмата и оперативните расходи во извештајот се вклучени во приходите.

Донациите во 1995 година се специфично ограничени, во согласност со регулативите побарани од донаторите или во согласност со насоките и одлуките на Извршниот одбор.

Пензиски план

Ниту еден формален или неформален пензиски план не е во функције во МЦМС. Владата на Македонија е одговорна за пензискиот фонд. МЦМС регуларно придонесува кон националниот фонд за пензиско и инвалидско осигурување.

Курсни разлики

МЦМС ги прима најголем дел од фондовите во германски марки (ДЕМ), додека најголем дел од трошоците се остваруваат во македонски денар (МКД). Фукционални валути се ДЕМ и МКД. Сметководствените белешки се водат во МКД и делумно во ДЕМ.

За цели на извесувањето се употребува Македонски денар (МКД).

Трансакциите направени во странски средства на плаќање се пресметуваат во денари по курсот кој важел на денот на билансот на состојбата. Курсните разлики настанатаи во текот на годината се искажуваат во билансот на успех како приходи или расходи.

Листата на курсните рати за МКД на 31.12

Земја	Валута	1995	1994
Германија	DM	26.4943	26.2114
Холандија	NLG	23.6687	-
Швајцарија	SFR	32.9960	-
В. Британија	GBP	58.6452	-
САД	USD	37.9796	40.5962

Заб. 3 Основни средства

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	Згради	Возила	Опрема и мебел	Средст. во подг.	Вкупно
Набавна вредност					
Состојба на 1 јануари	355	638	-	24	1.017
Осн. сред. примени без надомест	-	3,064	1,421	-	4,485
Зголемување	-	15	1,193	1.390	2,598
Ревалоризација	8	41	31	-	80
Состојба на 31 декември	**363**	**3.758**	**2.645**	**1.414**	**8.180**
Исправка на вредноста					
Состојба на 1 јануари	-	-	-	-	-
Осн. сред. примени без надомест	-	10	224	-	234
Амортизација за 1995	4	723	310	-	1.037
Ревалоризација	-	8	4	-	12
Состојба на 31 декември	**4**	**741**	**538**	**-**	**1.283**
Сегашна вредност					
На 1 јануари	355	638	-	24	1.017
На 31 декември	359	3.017	2.107	1.414	6.897

Заб. 4 Долгорочни вложувања

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	Заб.	1995	1994
Програма за селски иницијативи (ПСИ)			
Фонд за заеми			
прк. "Козарска фарма" бр. 02.5/95		3.450	
прк. "Жировница" бр. 02.1/95		1.589	
прк. "Пчеларство" бр. 02.8/95		353	
Вкупно ПСИ		**5.392**	
Програма за пот. на вработувањето (ППВ)			
Фонд за заеми			
прк "Саја" бр. 29/94		177	
прк "Хима" бр. 17/95		2.376	
Вкупно ППВ		**2.553**	
Програма за дост. на хендикепирани (ПДХ)			
Фонд за заеми			
прк. "Ранка Милановиќ" бр. 09/95		795	
Вкупно ПДХ		**795**	
Вкупно вложувања		**8,740**	

Долгорочните вложувања се заеми на соодветните програми. Заемите се одобрени за период од три години со грејс период од една година. Годишната каматна стапка изнесува 3-5%.

Заб. 5 Парични средства

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	1995	1994
Парични средства на жиро сметка	56	5.037
Парични средства на жиро сметка (Конзорциум)	3.048	4.233
Парични средства на благајна	411	20
Вкупно	**3.515**	**9.290**

Заб. 6 Фондови и резерви

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	1995	1994
Состојба на 01.01.1995	10,705	-
Вишок на приходи над расходи 31.12.95	23,475	-
Ревалоризациона резерва	77	-
Добиени средства без надомест	4,251	-
Вкупно	**38,508**	
Распоред на фондовите		
Програмски фондови		
Рестриктирани		
РС	0	7,569
ПВС	1,694	0
ПСИ	6,156	0
ППВ	0	1,252
ПДХ	0	1,037
ПЈР	969	2,693
ПЦО	4,286	1,185
Вкупно рестриктирани	**13,105**	**13,736**
Нерестриктирани		
ПСИ	4,413	0
ППВ	830	0
ПДХ	145	0
Вкупно нерестриктирани	**5,388**	**0**
Вкупно програмски фондови	**18,493**	**13,736**
Фонд за заеми	8,740	0
Вкупно фонд за заеми	**8,740**	**0**
Резервни фондови		
Административен фонд	4,600	-3,031
Програмски фонд	136	0
Вкупно резервни фондови	**4,736**	**-3,031**
Основни средства	6,538	0
Вкупно основни средства	**6,538**	**0**
Вкупно	**38,508**	**10,705**

Заб. 7 Донации

Опис	1995	1994
КОНЗОРЦИУМ ЗА МАКЕДОНИЈА		
DIA	18,207	17,098
ICCO	13,163	7,209
WCC/ACT	969	
CAID	848	
DCA	3,406	-
DW	2,692	2,629
HEKS	12,188	4,270
Вкупно конзорциум	**51,473**	**31,206**
ВЛАДИНИ И ИНТЕРВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ		
DGIS	2,686	-
Холандска кралска амбасада во Белград	337	
ECHO	22,781	3,758
Вкупно владини и интервл. орг.	**25,804**	**3,758**
ОСТАНАТИ		-
Werk Group Alievski	118	
Carritas Essen		1,052
Вкупно останати	**118**	**1,052**
Вкупно донации	**77,395**	**36.016**

Заб. 8. Директни расходи за Програма развој на село, проекти пренесени од 1994

Опис	1995	1994
прк."Водосн. во рег. погодени од суша" бр. 13/94	148	5.307
прк."Иниц. за развој на село ICCO" бр. 20/94	323	5.355
прк "Водосн. и помош во храна, ECHO" бр. 24/94	1.964	1.670
прк."Помош во пл. дел на З.Македонија" бр.25/94	1,760	1.799
прк."Мини брани - Прилеп" бр. 26/94	230	517
Вкупно	**4.425**	**14.648**

Заб. 9. Директни расходи за Програма за водоснабдување

Опис	1995	1994
Прк. "Помош во водоснабдување" бр. 24/94		
с. Беловодица	897	
с. Браилово	1.214	
с. Крушевица	1.144	
с. Зрзе	831	
с. Дреновци	819	
с. Алинци	636	
с. Согле	1.279	
с. Д. Јаболчиште	1.601	
с. Чолошево	1.141	
с. Теово	875	
с. Кадрифаково	314	
с. Коселери	98	
с. Павлешинци	48	
с. Дорфулија	702	
с. Милино	1.388	
с. Буриловци	190	
с. Ракитец	977	
с. Штурово	250	
с. Јаргулица	469	
с. Дедино	934	
с. Козбунар	56	
с. Пухче	417	
с. Горачино	128	
с. Аргулица	201	
с. Радање	240	
с. Бунарџик	1.227	
Визуелност	168	
Вкупно прк. 24/94	**18.244**	
прк. "Водоснабдување" бр. 01/95		
с. Крушевица	61	
с. Славеј	13	
с. Канатларци	265	
с. Десово	314	
с. Црнилиште	46	
с. Сопот	225	
с. Каратманово	365	
с. Лозово	255	
с. Амзибегово	311	
с. Штука	105	
Кратово	621	
с. Горњане	298	
с. Бунарџик	243	
с. Д. Свиларе	466	
Вкупно прк. 01/95	**3.588**	
Вкупно	**21.832**	

Заб. 10. Директни расходи за Програма за селски иницијативи 1995

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	1995	1994
прк."Иницијативи во с. Жировница" бр. 02.1	385	-
прк."Врбјани, водоснабдување" бр. 02.2	70	-
прк "Требиште, развој на сточарство" бр. 02.3	485	-
прк."Велебрдо, санитација" бр. 02.4	651	-
прк."Развој на пчеларство, Дебар" бр. 02.8	331	-
прк."Радиокомуникации" бр. 02.10	179	-
прк."Мал Папрадник, Санитација" бр. 02.11	589	-
прк."Фармерски асоцијации, Струмица" бр. 02.12	577	-
Вкупно	**3267**	**-**

Заб. 11. Директни расходи за Програма за поттикнување на вработувањето

Опис	1995	1994
прк. "Вработување на жени - Тетово" бр. 23/94	60	369
прк. "Курсеви за шиење, ЕСЕ" бр. 19/95	320	
Вкупно	**380**	**369**

Заб. 12. Директни расходи за Програма за достоинство на хендикепирани

Опис	1995	1994
прк "Бања Банско" бр. 21/94	703	1.636
прк "Бања Банско" бр. 05/95	485	
прк "Св. Наум Охридски" бр. 07/95	2.065	
прк "Ранка Милановиќ" бр. 09/95	7	
прк 13/1,15,27/95	336	
Вкупно	**3.596**	**1.636**

Заб. 13. Директни расходи за Програма за јакнење на Ромите

Опис	1995	1994
прк. "Образовни можн. на Ромите" бр. 31/94	2.550	2.960
прк. "Бараки" бр. 10А/95	90	
прк. "Школски мат. за Ромите" бр. 10Б/95	1.840	
прк. "Алиевски"	110	
прк. 13.4/95, 13.7/95	106	
Вкупно	**4.696**	**2.960**

Заб. 14. Директни расходи за Програма за цивилно општество

Опис	1995	1994
прк. "СОС телефон" бр. 07/94	115	492
прк. "ЕСЕ" бр. 19/94	618	53
прк. "Фонд за мали проекти" бр. 32/94	1,148	232
прк. "Тренинг на НВО" бр. 12/95	226	-
прк. "ФМП" бр. 13/95	1,316	-
прк. "Ревија Екологија" бр. 18/95	200	-
прк. "Законска регулатива за НВО" бр. 20/95	40	-
прк. "Операционализација на Месечина" бр. 22/95	1,033	-
прк. "Пензионери" бр. 23/95	1,037	-
прк. "СИДА, заедн. права, заедничка одгов." бр. 26/95	132	-
прк. "Животна искра" бр. 27/95	79	-
ПЦО 1995-97	330	-
Останато	241	-
Вкупно	**6.515**	**778**

Заб. 15. Оперативни и општи расходи

Персонал

Плати и надоместоци

(износите се во илјада Македонски денари, МКД)

Опис	1995
Програм директор*	604
Проект асистенти**	1,691
Административен тим**	384
Вкупно	**2,679**
Надоместоци на вработени	309
Вкупно	**2,988**

* - плата за период 21.03 - 31.12 1995

** - плата 06.04 - 31.12.1995

Платите и надоместоците на персоналот на МЦМС се одредени со акти на Извршниот одбор и тоа со: Правилата за работни односи на МЦМС бр. 01-43/2 - 1994 и Колективниот договор на МЦМС бр. 04-49/1 - 1995.

Програм директорот и персоналот на МЦМС се вработени на основа на договори за работа. Програм директорот има договор на четири години, а персоналот на одредено време (три години) или на неодредено време.

Наградувањето опфаќа основна плата, додаток по основ на раководење, додаток по основ на работен стаж, додаток за прекувремена работа и додаток за остварени резултати од работата. Додаток за остварени резултати од работа се мери преку: обем и квалитет на извршената работа и се движи во граница од +/- 30% од основната плата.

Персоналот на МЦМС нема право на плата врз основа на придонесот во создавањето на добивка, бидејќи МЦМС како непрофитна организација не пресметува добивка.

Платата на Програм директорот ја одредуваат договорно Програм директорот и Извршниот одбор. Програм директорот го одредува додатокот на плата на персоналот, за остварени резултати од работата.

Персоналот има прево на месечен надоместок за исхрана (25% од просечната плата во земјата) и превоз и годишен надоместок за годишен одмор (100 % од просечната плата во земјата) и други надоместоци во согласност со законот, колективните договори и актите на МЦМС, за сите вработени подеднакво.

Персоналот има право на здравствено и пензиско осигурување во согласност со законите, како и на дополнително здравствено и пензиско осигурување.

Опис	1995
Осигурување на вработените	51
Повремени работи (договор за дело)	1,373

Персоналот ангажиран за привремени и повремени работи и за договор на дело има право на бруто надоместок за извршените работи, на чиј товар паѓаат сите обврски.

Програм директорот до 21.03.1995, а останатите до 06.04.1995 година

Транспорт

Опис	1995
Гориво и масло	340
Патарина	16
Сервис и одржување	288
Резервни делови	38
Регистрација	41
Осигурување	86
Амортизација	737
Патни трошоци	142
Вкупно	**1,688**

Комуникации

Опис	1995
Пошта	28
Телефон	185
Телефакс	75
Курирски услуги (ДХЛ)	72
Вкупно	**360**

Информации

Опис	1995
Фотографија и видео	63
Брошури и билтен	15
Весници и списанија	22
Преведувачки услуги	418
Книги	100
Вкупно	**618**

Општи расходи

Собрание и Извршен одбор

Опис	1995
Собрание и Извршен одбор	262

Надоместоците на членовите на Собранието и Извршниот одбор се уредени со акт на Собранието: Правилник за надоместоците на претставниците во Собранието, членовите на Извршниот одбор, на другите избрани и именувани лица и на членовите на МЦМС бр. 01-10/3 - 1994.

Претставниците на Собранието и Извршниот одбор имаат право на покривање на патните трошоци. Членовите на Извршниот одбор имаат право на надоместок за учество на седници на Извршниот одбор во бруто износ од ¼ од просечната плата во земјата по седница.

Меѓународна соработка

Опис	1995
Меѓународна соработка	172

Стручно усовршување

Опис	1995
Стручно усовршување	640

Потрошен материјал

Опис	1995
Канцелариски материјал	305
Материјал за хигиена	7
Вода, ѓубре, комуналии и енергија	91
Вкупно	**403**

Сервис и поправки

Опис	1995
Фотокопир и опрема	42

Услуги

Опис	1995
Софтвер	52
Закуп и кирија	462
Вкупно	**514**

Финансиско економска ревизија

Опис	1995
Куперс и Лајбрант	212

Други расходи

Опис	1995
Провизија, ЗПП	42
Банкарсја провизија	286
Осигурување	96
Амортизација на опремата (дел за опрема)	308
Останато	307
Вкупно	**1,040**

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ ОД КУПЕРС И ЛАЈБРАНД

Coopers &Lybrand | Accountants and Auditors | Bul. Marks i Engels 3 p.o.box 355 91000 Skopje Republic of Macedonia | phone: +389 (91) 116-638 telefax: +389 (91) 116-525

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

До Македонски центар за Меѓународна Соработка
Хуманитарна Асоцијација - Скопје

1. Извршивме економско-финансиска ревизија на консолидираниот биланс на состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка Хуманитарна Асоцијација - Скопје за годината завршена на 31 Декември 1995 и 1994 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 10. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

2. Економско-финансиска ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди на ревизијата. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

3. Според наше мислење, финансиските извештаи во сите материјални аспекти реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка-Хуманитарна Асоцијација - Скопје на ден 31 Декември 1995 и 1994 година, билансот на приходите и расходите и паричниот тек, подготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди.

Coopers & Lybrand

Coopers & Lybrand

Скопје, 12 Април 1996

Coopers & Lybrand Skopje is a member firm of Coopers & Lybrand International

ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ

РАЗВОЈ НА СЕЛО

Бр.	Име на проектот	Локација, регион	Целна група
20/94	Иницијативи за развој на село	Општините од западниот дел на државата	Селата со добро функционирање на механизмот на самопомош, активирани во иницирање, обновување и градење на системите за развој на село
24/94	Помош на највулнерабилните во руралните подрачја	Општините од централниот и источниот дел на државата	Селските општини кои претрпеа најголеми штети од сушата каде условите за живот се доведени на граница на опстанокот
25/94	Помош на загрозените од зимата во Западна Македонија	Општините од западниот дел на државата	Нерегистрирани 836 социјални случаи
26/94	Водоснабдување за стоката и наводнување	Општина Прилеп	Сточари и земјоделци во 3 села од ридскиот дел на Прилеп
27/94	Селска фабрика за текстил	Општина Прилеп, с. Славеј	Женски текстилни работници од селото Славеј; Ромски деца
	а) Програма за водоснабдување на селата		
01/95	Рехабилитација на водоснабдувањето во селата	Општините во источниот и западниот дел од земјата кои имаат претрпено штети од сушата	Селата во општините во кои проблемот со водоснабдувањето е најголем
25/95	Обновување на водоснабдувањето во селата	Општините од централниот и источниот дел од државата	Жителите од селата погодени од суша
	б) Програма за селски развојни иницијативи		
02.1/95	Иницијативи во село Жировница	Општина Гостивар, Долна Река, с. Жировница	Жените во селото, селаните
02.2/95	Наставни средства за уч.	Општина Гостивар с. Врбјани во с. Врбјани	Учениците и наставниот кадар во училиштето
02.3/95	Развој на сточарството во с. Требиште	Општина Гостивар, Долна Река, с. Требиште	Жителите од село Требиште
02.4/95	Санитација на с. Велебрдо	Општина Гостивар, Долна река, с. Велебрдо	Жителите од с. Велебрдо
02.5/95	Козарска фарма	Општина Македонски Брод с. Томино село	Жителите од Томино село
02.7/95	с. Самоков, секундарни шумски продукти	Општина Македонски Брод с. Самоков	Жителите на с. Самоков
02.8/95	Развој на пчеларство	Општина Дебар	Жители на селата во Дебар
02.10/95	Радио комуникации	Западниот дел од државата	Жителите на селата без комуникации
02.11/95	Санитација на с. Мал Папрадник, Дебар	Општина Дебар Долна Жупа	Жителите на с. Мал Папрадник
02.12/95	Агромаркетинг Информационен систем	Општина Струмица	Мали фармери
02.15/95	Млекара во Центар Жупа, Дебар	Општина Дебар	Сточари од околниот регион

НА МЦМС ВО 1995 ГОДИНА

Активност	Временски период	Вкл. организации	Буџет (во илј. МКД)		Статус
Учество во опрема и материјали	Окт. 1994 - април 1995	МЦМС, во соработка со селските одбори	ICCO Локални Вкупно	6,847 2,508 9,355	Комплетиран, достапен завршен извештај
1. Помош во храна и хиг. продукти на 998 најзагрозени селски домаќ. 2. Обновување на водоснабдувањето за 29 села во подрачјата погодени од сушата (26 проекти)	20 ноем. 94 - 15 јуни 95.	ХМП и МЦМС, во соработка со селските одбори	ECHO ХМП Лок. извори Вкупно	25,136 1.403 44,360 70.899	Комплетиран, достапен завршен извештај
Помош во пари (готовина).	октомври 1994 - март 95	МЦМС во соработка со селските одбори	ХМП	3,878	Комплетиран, достапен завршен извештај
Подарок и заем за мулации (пилот проект)	октомври 94 - јануари 95	МЦМС и општ. раководство,селските водачи, град. компании локално	ХМП ICCO Лок. ресурси Вкупно	833 384 1,950 3.167	Комплетиран, достапен завршен извештај
Подарок и заем за машини. Заемот отпл. во прод. за ромски деца	25 окт. 94. - 20 март 95	МЦМС, Хомос - Скопје, Месечина - Гостивар и Даја - Куманово.	CAID	1.449	Комплетиран, достапен завршен извештај
Изградба и обновување на водоснабдувањето во 19 села (18 проекти)	јан.-дек. 1995 год.	МЦМС, во соработка со селските одбори	HEKS DCA Лок. изв. Вкупно	5.374 1.015 41.275 47.664	Завршен
Рехабилитација на водоснабдувањето	1 дек. 95 - 31 мај 96	Дог. партнер ХМП агенц. за спров. МЦМС	ECHO	33.642	Во спроведување
а) Кредит за вработување на жените б) Подобр. на водоснабд.	март 1995 год. -	МЦМС, Претпријатието "Бреза", селаните	ICCO	2.439	Во спроведув., достапен периодичен извештај
Набавка на нагледни средства	септ. 1995 год.	МЦМС	ICCO	78	Комплетиран, дост. завр. извеш.
Поило за стока и базен за капење овци	мај - ноември 1995	МЦМС,месната заедница претпр. "Напредок"	HEKS	1,091	Активности завршени, завр. плаќање во 1996 год. достапен пер.изв.
Канализационен систем	мај - септември 1995	МЦМС, селаните	ICCO	781	Комплетиран, дост. завр. изв.
Кредит за фарма, со отплатата да се стартува кред. фонд	Почеток март/апр. 1995	МЦМС	ICCO	3.800	Комплетиран, достапен завршен извештај
Кредит за наб. на опрема за екстракција на билки	1 год. грејс период + 2 години отплата	"Херба систем" - Скопје	HEKS	2,277	Ид. во 95, реализ. во 1996, достапен периодичен изв.
Кредит во добра	април 95 - април 98	МЦМС	HEKS	1,065	Во спровед., дост. пер. изв.
Набавка, монтажа на радиостаници и обука на корисниците	август 1995 год. -	МЦМС, селата и Цент. за известување	ICCO	458	Во спровед., достапен периодичен извештај
Изградба на канализационен систем	окт. - ноем. 1995	МЗ М. Папрадник, МЦМС "Слогапром" - Гостивар	HEKS	676	Комплетиран, достапен завршен извештај
Обезбедување на дом. и меѓ. паз. инф. и физибилити студија за фарм. асоц.	Поч. септември 1995	МЦМС, ЕЕР (УСО), селски лидери	HEKS	1.590	Во спроведув., достапен периодичен извештај
Кредит за млекара	Поч. септември 1995	ЗЗ "Нов Живот"	ICCO	2,277	Ид. во 1995, реал. во 1996, достапен периодичен изв.

ПРОМОЦИЈА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Бр.	Име на проектот	Локација, регион	Целна група
29/94	Женско претпријатие "Саја"	Општина Куманово	Невраб. жени од Куманово
17/95	ХИМА - заштитна работилница	с. Бардовци - Скопје	Луѓето маргинализирани поради хендикеп
19/95	Курсеви за шиење	Скопје, Тетово и Гостивар	Невработени жени - Албанки по етничко потекло

ДОСТОИНСТВО НА ХЕНДИКЕПИРАНИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ

Бр.	Име на проектот	Локација, регион	Целна група
а) Програма за достоинство на хендикепираните			
11/94	Демир Капија II	Демир Капија	Штитениците на кои им е потребна окупациона терапија
21/94	Бања банско	Завод за рехаб. на деца и млад. "Бања Банско", Струмица	Штитениците на заводот за рехабилитација
03/95	Визуелно хендикепирани	Република Македонија, Скопје	Визуелно хенд. лица
05/95	"Бања Бањско", телесно хендикепирани	Струмица	Штитениците во Заводот за заштита и рехабилитација, "Бања Бањско" - Струмица
07/95	"Св. Наум Охридски"	Скопје	Ментално ретардираните ученици во "Св. Наум Охридски"
09/95	Одгледување печурки во "Ранка Милановиќ"	Скопје	Деца згрижени во домот за "ресоцијализација"
13-1/95	Информатичко образование на глуви и наглуви деца	Скопје	Звучно хендикепирани деца
13-15/95	Социо-економска поло'ба на инвалидите во РМ	Скопје	Хендикепираните лица
13-27/95	Втора Балканска летна школа за социјална работа	Скопје	Студенти од балкан. земји
б) Програма за јакнење на Ромите			
31/94	Образовни можности на Ромите	Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар и Куманово	Ромите од ромските насел-би без образование
10А/95	НВО и центар за обука на Роми	Скопје (Шуто Оризари)	Ромите во Шуто Оризари
10Б/95	Школски материјали за Ромите	6 општини во Републиката	Најзагрозени ученици од Ромска националност од 6 општини во Р. Македонија
13-4/95	Семинар за ромска култура	Скопје	Роми
13-7/95	Ромска конф. за мир во Европа	Унгарија, Будимпешта	Роми

Активност	Временски период	Вкл. организации	Буџет (во илј. МКД)		Статус
Заем за започнување на производство	април 1995 год. -	МЦМС, ОЖ "Кумановка"	ХМП	1.202	Во спроведување, префрлена прва рата од кредит
Кредит за отворање на нова производна линија	1995 - 1998	ХИМА и МЦМС	ХИМА МЦМС Вкупно	4.611 2,616 7,227	Завршени активн.: префрлени средства на ХИМА за кредит, набавена машината; останува отплата на кредитот, мониторинг и известување
Курсеви за шиење	јули 1995 - јули 1996	МЦМС,ЕСЕ и САЖМ	МНР Хол. EWSF Лок. изв. Вкупно	337 395 96 828	Во спроведување, курсевите се завршени во Скопје. Во Тетово и Гостивар во 1996 год.

Активност	Временски период	Вкл. организации	Буџет (во илј. МКД)		Статус
Поставување на терапија и работна програма	јан. 1994 - мај 1995	МЦМС и Заводот за социјални грижи	ХМП	280	Комплетиран, достапен завршен извештај
Адаптација на системот за греење на објектот на геотермална вода	окт. 94 - април 95	МЦМС	ХМП	2.460	Комплетиран, достапен завршен извештај
а) Набавка на опрема за Сојуз на слепи б) Нови работни места за визуелно хендикеп.	март - август 1995	МЦМС, Сојуз на слепи, Заштитно претпријатие "НОРТ"	МЦМС	2.136	Комплетиран, достапен завршен извештај
Финансирање а) рек. и адапт на рекреат. соби и лифтовите б) отпочнување на сопст. производство на храна; в) обука на персоналот	март - ноември 1995	МЦМС и Заводот	DW	677	Завршени а) и б), в) одложен за 1996
Реновирање на работилници и опрема	март - септем. 1995	МЦМС и Центарот	DW	2,581	Завршен
Кредит за отпочнување на производ. на печурки	окт. 1995 - окт. 1998	"Ранка Милановиќ" и МЦМС	CAID	848	Средст. од кредитот префрлени, адаптац. во тек
Обука за работа со компјутери	февруари - јуни 1995	ЦРМОС "25 Мај"	ACT	124	Завршен
Научно истражување	јуни - септември 1995	Институт за соц. и пол.-правни истражувања	ACT	132	Завршен
Финансиска поддршка за Летната школа	август 1995	Здружение на социјалните работници на Скопје	ACT	27	Комплетиран, достапен завршен извештај
Подобрување на основн. услови за образование (реконструкција на Осн. уч. за возрасни во нас. Шуто Оризари, и *дистр.* на шк. прибор и опрема).	декем. 94 - април 95	МЦМС во соработка со ромските хуманитарни организации "Хомос", "Месечина" и "Даја"	ХМП DW Каритас Есен Вкупно	2.078 2.629 1.052 5.759	Комплетиран, доставен завршен извештај
Поставување на бараки за центар	јан. - декем. 1995	МЦМС, "Хомос"	ХМП	4.378	Во дек. градежна дозвола, подготв. активности за градежни работи
Дистрибуција на купони за набавка на шк. прибор	август - октом. 1995	МЦМС, "Месечина", "Даја"	ХМП	1.935	Завршен
Семинар	11-26 мај 1995	Хум. асоцијација "Рома"	ACT	65	Комплетиран, достапен завршен извештај
Фин. на патни трошоци	07-11 мај 1995	РТВ "Шутел"	ACT	40	Комплетиран,

РАЗВОЈ НА ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО

Бр.	Име на проектот	Локација, регион	Целна група
07/94	СОС телефон	Република Македонија	Жените, жртви на насилство
22/94	Сојуз на Албанската жена на Македонија	Општина Тетово	Албанската жена во Македонија
12/95	Обука на НВО	Скопје	НВО
16/95	"Милосрдие"	Скопје	Социјално маргинализирани групи во Македонија
18/95	Ревија Екологија	Скопје	НВО, медиуми и руралните групи
20/95	Законска регулатива за НВО	Скопје	НВО во земјата
22/95	Операционализација на ХДЗР "Месечина"	Гостивар	Корисниците на проекти на ХДЗР "Месечина"
23/95	Јакнење на капацитетот на Сојузот на пензионери на Македонија	Република Македонија	Пензионерите во Македонија
24/95	Интернет за македонските НВО	Скопје	НВО во земјата
26/95	СИДА, Заеднички права, заедничка одговорност	Република Македонија	Школска младина во земјата
27/95	"Животна искра"	Република Македонија	Жените со предмалигни и малигни промени

ФОНД ЗА МАЛИ ПРОЕКТИ

Бр.	Име на проектот	Локација, регион	Целна група
32/94	Фонд за мали проекти	Република Македонија	Иницијатори на лок. проекти
13/95	Фонд за мали проекти	Република Македонија	Иницијатори на локална иницијатива

Активност	Временски период	Вкл. организации	Буџет (во илј. МКД)		Статус
Техничка помош во формирање на СОС тел.	1994/95 год.	МЦМС и Организација на жени на град Скопје	EWSF	582	Комплетиран, достапен завршен извештај
Техничка помош	ноем. 1994 - мај 1995	ХМП и МЦМС	ХМП	457	Комплетиран, достапен завршен извештај
Основна обука за НВО активисти	1995 год.	МЦМС, НВО	ХМП	366	Завршен
Операционализација на хум. орг. на МПЦ - "Милосрдие"	март - декем. 1995	МПЦ, МЦМС	DCA	795	Пренесен во 1996
Дистрибуција на Ревија Екологија	мај - декември 1995	МЦМС, ревија Екологија	МЦМС	200	Завршен
Лобирање	1995/96 год.	МЦМС	МНР Хол.	270	Во спроведување, спроведена студија и одржана три бина за закон за НВО
Подигање на барака за седиште и набавка на возило	Сеп. - дек. 1995	ХДЗР Месечина, МЦМС	DCA	1.122	Во спров., возило набавено, барака ќе се подигне 1996
Техничка помош	Сеп. - дек. 1995	СПМ и МЦМС	ХМП МЦМС СПМ Вкупно	1.096 76 78 1.250	Завршен, делот за техничка помош семинарот одложен за 1996
Пристап кон Интернет	1995 год. - 1997 год.	МЦМС	МЦМС	4.059	Во спроведување, набавена опрема за Интернет
Градење на свеста	Декември 1995 год.	МЦМС, МАСА	ХМП	270	Во спров., спрове дена кампања, изд. на книгата пролонгир. за поч. на 1996
Публикација на едукативни материјали	Ноем. - дек. 1995	МЦМС, "Животна искра"	ХМП	300	Во спров., издадени материјали на мак. јазик, другите ќе се отпечатат во 96

Активност	Временски период	Вкл. организации	Буџет (во илј. МКД)		Статус
Финансирање на мали иницијативи кои не можат да чекаат стандардна процедура	дек. 1994 - мај 1995	НВО и МЦМС	Камати	1,380	Комплетиран, достапен завршен извештај
Финансирање на мали иницијативи кои не можат да чекаат на редовна процедура	Индивидуални мали проекти	МЦМС	а) МЦМС б) Донатори Вкупно	215 1.548 1,763	18 мали проекти, 1 се пренесува во 1996 год.

ИСТОРИСКИ ИНДЕКС НА ПРОЕКТИ

Проекти 1994

08 - Развој на село

Име на проектот	Број на проектот
Помош на регионите погодени од сушата	9
Помош во средства за живот во регионите погодени од сушата	12
Водоснабдување во регионите погодени од сушата	13 13а

09 - Вработување

Име на проектот	Број на проектот
Вработување на жени - Делчево	15
Еманципација на визуелно хендикепирани	17
Вработување на жени - Тетово	23

10 - Хендикепирани / маргинализирани

Име на проектот	Број на проектот
Помош на воените ветерани и инвалиди	4
Итни зимски поправки во Демир Капија	5
Реконструкција на пенз. дом "Катланово"	6
Ел. приватност во домот Ранка Милановиќ	16
Школа за хендикепирани "Св. Наум Охр."	30

11 - Цивилно општество

Име на проектот	Број на проектот
Хуманитарна организација "Хомос"	18
Фонд за мали проекти	32
Е.С.Е.	35

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ACT	- Action Churches Together
АРМ	- Армија на Република Македонија
ECHO	- Канцеларија на Европската заедница за хуманитарна помош
ECE	- Женска група за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
CAID	- Christian Aid
CRIC	- Хуманитарна иорганизација од Италија
ХМП	- Холандска меѓуцрковна помош
DCA	- Данска меѓуцрковна помош
DGIS	- Министерство за надворешни работи на Холандија
DW	- Diaconishes werk
ESA	- Претставништво на Германската фирма Опел
GVC	- Хуманитарна организација од Италија
HEKS	- Швајцарска меѓуцрковна помош, Швајцарија
ICCO	- Меѓуцрковна организација за развојна соработка, Холандија
IFAT	- Меѓународна федерација за алтернативна трговија, САД
ИТЗ	- Институт за трајни заедници, САД
IRED	- Развојни иновации и мрежи, Швајцарија
HEKS	- Швајцарска меѓуцрковна помош
MACA	- Македонска анти СИДА асоцијација
МЦМС	- Македонски центар за меѓународна соработка
МКД	- Македонски денар
МПЦ	- Македонска православна црква
НАТО	- Северноатланска алијанса
НВО	- Невладина организација
OI	- Oportunity International
ОЖК	- Организација на жени на Куманово
ОБСЕ	- Организација за безбедност и соработка во Европа
ПЦО	- Програма за цивилно општество
ПДХ	- Програма за достоинство на хендикепираните и маргинализираните
ППВ	- Програма за промоција на вработувањето
ПЈР	- Програма за јакнење на Ромите
PUM	- Организација за соработка во обука за раководење, Холандија
ФМП	- Фонд за мали проекти
СПМ	- Сојуз на пензионерите на Македонија
СЖАМ	- Сојуз на жената албанка на Македонија
ООН	- Организација на обединетите народи
UNPROFOR	- Сили за заштита на Обединетите нации
ПСИ	- Програма за селски развојни иницијативи
VOCA	- Volunteers in Overseas Cooperative Assistance, САД
ССЦ	- Светски совет на црквите, Швајцарија
РГА	- Работна група Алиевски (Werk group Alievski)
ССКУ	- Светски совет на кредитни унии, САД
ПВС	- Програма за водоснабдување на селата
ЗПП	- Завод за платен промет

Библиотека "МЦМС"
Серија: Годишни извештаи

За Македонскиот центар за меѓународна соработка

Програм директор
Сашо Клековски

Компјутерска обработка
Тони Гицев
Гордана Кретева

Лектура и коректура
НИП Студентски збор

Тираж
1000 примероци

Печати
"Инфопрес" - АД "Киро Дандаро" - Битола

Македонски центар за меѓународна соработка

ул. "Никола Парапунов" бб, барака 1, пошт. фах 835
91000 Скопје, Република Македонија
тел.: 091/365-381, факс: 091/365-298

Македонски
Центар за
Меѓународна
Соработка



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
1995

DESIGNED BY INFOPRESS